МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ВОДЕЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОБУВКИ

IV ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО - КОЖАРСКА СТРУКА
Техничар за обувки



Скопје, 2008 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ВОДЕЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОБУВКИ

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: техничар за обувки
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1 Четврта

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

По совладувањето на наставната програма по предметот ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја познава поделбата на техничко-технолошката подготовка;
- да ја истакнува улогата на техничко-технолошката подготовка;
- да разликува движење и сложеност при водење на технолошкиот процес за производство на обувки;
- да ги објаснува студиите на движење при работа;
- да нормира време и материјал за еден пар обувки и за вкупното производство;
- да пресметува трошоци и цена на производ на обувки;
- да ги познава задачите на оперативната подготовка во процесот на производство на обувки;
- да изработува производна документација во процесот на производство на обувки;
- да организира водење на технолошки процес по фази: кројачница, шивална, мотажа-конфекција, штанцерај и финиш во производство на обувки;
- да ги познава постапките за контрола во производство на обувки.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите на наставната програма по предметот ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки*** потребни се знаења од наставните предмети: технологија на изработка на обувки од II и III година, машини и апарати во индустријата на обувки од III година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на ча-сови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКА ПОДГОТОВКА	**32**	***Ученикот:*** - да ја објаснува поделбата на работата и работните задачи во техничко - технолошка подготовка; - да го разликува основниот и помошниот материјал за изработка на обувки; - да избира соодветни машини и алати за изработка на избраниот модел; - да прави техничко - технолошка подготовка на технолошкиот процес за одреден модел кај дерби и паризер тип на обувка; - да објаснува движење на работата и сложеност при работа; - да ги објаснува студиите на движења при работата; - да нормира време за еден пар обувки и за цело производство; - да нормира материјал за	- Опишување на работите и работните задачи на техничко - технолошката подготовка; - Објаснување на улогата на техничко - технолошката подготовка до започнување на сериско производство; - презентирање: модели на обувки, основен и помошен материјал за изработка на обувки; - објаснување на работното место според намената; - укажување на улогата за секое работно место; - презентирање нормирање на време и материјал по површина и тежина; - пресметување бруто и нето површина по единица производ; - задавање на домашна	Технологија на изработка на обувки Практична настава

		обувки по површина и тежина; - да пресметува бруто и нето површина по единица производ.	задача.	
2. ОПЕРАТИВНА ПОДГОТОВКА	**20**	- Да ги објаснува задачите на оперативната подготовка; - да ги опишува: оперативниот,техничкиот расположив, планиран и остварен капацитет; - да врши оперативна подготовка на материјалот за изработка на одреден модел на обувка; - да врши оперативно планирање на машините, алатите и уредите за одреден модел на обувка; - да ја користи производната документација во чевларската индустрија.	- Објаснување на задачите на оперативната подготовка; - опишување на сите видови капацитети во оперативна подготовка; - презентирање на оперативно планирање на машините, алатите и уредите; - презентирање на производната документација која се користи во процес на производство; - пресметување на трошоците во производство.	Технологија на изработка на обувки Практична настава
3.ВОДЕЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ ПРОЦЕС ПО ФАЗИ	**8**	- Да опишува технолошки процес по фази; - да објаснува кроење и шиење на горни составни делови на обувки; - да објаснува штанцање на долни составни делови; - да објаснува составување на горни со долни делови од обувки; - да ги објаснува условите за	- Опишување на постапките за водење на технолошкиот процес во сите фази; - демонстрирање на : кроење, шиење, штанцање и составување на горни со долни составни делови ; - цртање шема за утврдување на производни	Технологија на изработка на обувки Практична

		работа во производство; - да анализира производни резултати.	резултати.	настава
4. КОНТРОЛА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО	**6**	- Да ги набројува видовите на контроли; - да ги разликува контролите пред, во и по завршено производство; - да ги објаснува контролите пред, во и по завршено производство; - да ја познава улогата и значењето на сите видови контроли.	- Објаснување на видовите на контроли во процесот на производство; - демонстрирање на видовите контроли со посета на чевларски погони на трговски друштва.	Технологија на изработка на обувки Практична настава

4.2. Наставни методи и активности за учење

Согласно целите на наставната програма по предметот ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки*** наставникот применува современи наставни стратегии во зависност од наставната целина, односно наставната единица, засновани на демонстрација, опис, анализа, следење на работата на ученикот, набљудување, дискусија и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандеми.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, укажува, демонстрира, дава упатства за реализација на водење на технолошкиот процес по фази, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира, ги оценува знаењата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во слушање, водење дебата, самостојна изработка на документација, користење на помошни средства за утврдување на потребно време и утврдување на норма, демонстрирање и др.

4.3. Организација и реализација на наставата

Водење на технолошкиот процес за производство на обувки се реализира преку стручно-практични вежби во училишна чевларска работилница во рамките на училиштето опремена со соодвените наставни средства - шаблони и штоперица, милиметарска хартија, материјал и во чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часови. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за изработка на производна документација, нормирање на материјал и време, како и водење на технолошки процес по фази и организирање посета на чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност. Непосредната поврзаност помеѓу наставните програми по практична настава и стручно - теоретските предмети неминовно ја наметнува потребата од тимска работа меѓу наставниците кои ги реализираат овие програми.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки,*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната целина се користат: шаблони, материјали, милиметарска хартија, штоперица и др.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература и тоа: наставни подготвки од страна на наставникот, како и дополнителна литература на наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата, умеењата и вештините на изработените производни документации, нормирање на материјали и време, утврдување на потребен број на машини и норматив на работна снага во текот на целата учебна година. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки*** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да нема говорни мани, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки,*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- ***чевларство***

и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Водење на технолошкиот процес за производство на обувки се реализира во чевларска работилница, во рамките на училиштето опремена според Норматив за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки и во чевларски погони на трговски друштва од чевларската дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: март 2008 година

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпчевска, раководител, советник во Центарот за стручно образовани и обука - Скопје
2. Снежана Трајановиќ, наставник во СОУ ,,Перо Наков"- Куманово
3. Загорка Богданска, наставник во СОУ ,,Перо Наков - Куманово
4. Цане Кузмановски, приватна чевларска дејност „ Игор-97 " , чевларски технолог-инжинер

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01.09.2008 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***водење на технолошкиот процес за производство на обувки*** ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07 – 4339/1 од 03.06. 2008 година.